**2377.**

Врз основа на член 41 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ, УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19), во член 7 став 1 во точката 23 точката на крајот на реченицата се заменува со точка-запирка и се додава нова точка 24, која гласи:

„24. копија на трансакциска сметка“.

Во ставот 2 зборовите точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 16, 18, 19 и 21“ се заменуваат со зборовите „точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 15, 16, 18, 19, 20 и 21,“.

Во ставот 3 зборовите „точките 1, 5, 11, 13, 14, 15, 17, 20, 22 и 23“ се заменуваат со зборовите „точките 1, 5, 11, 13, 14, 17, 22, 23 и 24,“.

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4460/1
22 јули 2020 година
Скопје

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

Прилог бр.1

До
ЈУ ________________________________
( Центар за социјална работа)

БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ

1. ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме | |
|---|---|---|
| | | |
| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број |
| _____ . _____ . ___________ | | — — — — — — — — |
| ДРЖАВЈАНСТВО________________________________ | | |
| ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ____________________________________ | | |
| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус |
| | | ☐женет/мажена ☐разведен/а ☐вдовец/ца ☐вонбрачна заедница ☐непознато |
| Образование | Работен статус | |
| ☐Завршено ☐Во тек | ☐Вработен ☐Невработен ☐Пензионер | |

2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Ден на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | | Населено место | Општина |
| | | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

4.ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

| Број на трансакциска сметка | | |
|---|---|---|

5. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВО:

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ престојувалиште | Сродство со подносител от | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |

Датум и место на поднесување подносителот

Потпис на на барањето

____________________________________
____________________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

____________________________________

6. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА НОСИТЕЛОТ:

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството ( за сите полнолетни членови во домакинството)
2. пресуда за развод на брак
3. пресуда за определена законска издршка
4. потврда за редовен студент
5. договор за изршување на работи во врска со спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија
6. договор за давање на земјоделско земјиште сопственост на Република Северна Македонија на плодоуживање
7. потврда од банка за штеден влог
8. потврда за исплата на воена инвалиднина
9. потврда за надоместок кој произлегува од активности поврзани со безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија
10. тужба за законска издршка против близок сродник кој по закон е должен да го издржува, односно полномошно на службено лице во центар за социјална работа за поведување на оваа постапка
11. копија на трансакциска сметка